ЈУ Центар за социјална работа – Кратово
број 04-247 од 07.04.2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Бр. 04-247
07.04 2025 год.
КРАТОВО

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КРАТОВО**

Врз основа на член 212 став 3 од Законот за социјалната заштита (Сл. весник на РСМ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21,294/21, 99/22,150/22,246/22 и 65/23) а во врска со член 20-г и член 20-д став 3 и 4 од Закон за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр. 27/14, бр.199/14, бр.27/16, бр.35/18, бр.198/18, бр.143/19) и Правилникот за систематизација на работните места во Јавна установа центар за социјална работа Кратово бр.02-168 од 25.06.2019 година и Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавна установа центар за социјална работа Кратово бр.02-160 од 29.11.2021 година В.Д Директорот на Јавната установа Центар за социјална работа Кратово објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ – 01/2025**

**за вработување на еден извршител на неопределено време во ЈУ Центар за социјална работа Кратово**

ЈУ Центар за социјална работа Кратово објавува оглас за вработување на неопределено време на 1(Еден) давател на јавни услуги од категорија А стручни службеници за следното работно место:

1. **СО30303А04020 Водител на случај во ЦСР - дипломиран социјален работник,** со звање на работното место Самостоен стручен службеник од (IV) четврто ниво, назив на работното место Водител на случај, 1 (еден) извршител во Служба за услуги од социјална заштита. Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи и посебни услови утврдени во Законот за социјалната заштита и со правилникот за систематизација на работното место во ЈУ Центар за социјална работа - Кратово :

**Општи услови**

- Да е државјанин на Република Северна Македонија,
- Да е полнолетен,
- Да има општа здравствена способност за работното место,
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**

- За ниво А4 стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен (Социјална работа и социјлна политика) и најмалку две години работно искуство.
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Општи работни компетенции на средно ниво:**

- Учење и развој,
- Комуникација,
- Остварување резултати,
- Работење со други/тимска работа,
- Ориентираност кон странките/засегнати страни и
- Финансиско управување.

**Распоред на работно време:**

- Работни денови: Понеделник – Петок
- Работни часови: неделно 40 часа
- Флексибилно Работно време: со почеток од 07:30 до 08:30 часот и завршеток 15 :30 до 16 :30 часот.

Паричен нето износ на плата : 34.412,00 денари

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 3 (три) работни дена од денот на објавувањето на огласот ( сметајќи го денот на објавување на огласот).

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на ЈУ Центар за социјална работа Кратово,како и на веб страницата www.jucsrKratovo.gov.mk на центарот.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Постапката по јавниот оглас се содржи од две фази: административна селекција, која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата и приложените докази во пријавата и интервју. За кандидатите за кои при административната селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас, постапката на селекција завршува. За останатите кандидати во рок од пет дена по завршувањето на административната селекција комисијата спроведува интервју.
По завршената административна селекција и интервјуто, комисијата составува ранг листа која во рок од пет дена му ја доставува на директорот и му го предлага прворангираниот кандидат на директорот. При составувањето на ранг листата комисијата за селекција ги применува одредбите од Законот за вработени во јавен сектор согласно годишниот план на институцијата. Директорот донесува одлука за вршење избор или неизбор на кандидат, во рок од осум дена по приемот на ранг-листата од комисијата за селекција, која се објавува на огласната табла на установата. Одлуката за избор или неизбор на кандидати се доставува до кандидатите кои ја поминале административната селекција
Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање.
Кандидатите со пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите, во оригинална форма или копија заверена на нотар.
Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за исполнување на општите и посебните услови:

-Уверение за државјанство;(не постаро од 6 месеци)
-Уверение за општа здравствена способност за работното место ( не постаро од 6 месеци)
-Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност( не постаро од 6 месеци)
-Доказ за соодветното работно искуство;
-Доказ – Диплома/Уверение  за завршено образование;
-Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.
-Писмо за мотивација
-Кратка биографија CV

**Пријавата со потребната документација** кандидатите треба да ја достават до архивата на ЈУ Центар за социјална работа Кратово или по пошта  на следната адреса: ул."Гоце Делчев,,ББ – Кратово (со назнака за ,,јавен оглас број -1/2025,,)  – Комисија за селекција на кандидати за давател на јавна услуга.

Контакт телефон : 031-481-228

Ненавремените пријави и документација нема да се разгледуваат

**ЈУ Центар за социјална работа-Кратово**
**ВД.  Директор**
Горан Цветковски

ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Република Северна Македонија
КРАТОВО